РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

*ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА*
**Бр.08-4338/1 од 07.07.2026 година**
Скопје

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 41 став (1), а во врска со став (6) од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на РСМ" бр.42/20, 294/21 и 101/25), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# **РЕШЕНИЕ**

## **ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

1. Административниот службеник **ЦВЕТАНКА МЕНКОВСКА** распоредена во секторот за правни и општи работи, се определува за офицер за заштита на личните податоци.

2. Офицерот за заштита на личните податоци ги врши најмалку следните работи:

- ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од Законот за заштита на личните податоци;
- ја следи усогласеноста со Законот за заштита на личните податоци, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
- каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со член 39 од Законот за заштита на личните податоци;
- соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- дејствува како контакт точка за Агенцијата за заштита на личните податоци во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од член 40 од Законот за заштита на личните податоци, како и советување според потребите за сите други прашања;
- врши и други работи определени со закон или прописи донесени врз основа на закон.

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

3. При извршувањето на своите работи офицерот за заштита на личните податоци ги зема во предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

4. Контакт податоците на офицерот за заштита на личните податоци да се објават на веб страната на Општина Гази Баба.

5. Со денот на влегување во сила на ова решение, престанува да важи Решение за определување офицер за заштита на личните податоци, бр.08-4728/1 од 09.06.2023 година.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
Бобан Стефковски

изготвил: Васко Апостоловски

Доставено до:
- офицер за заштита на личните податоци
- Агенција за заштита на личните податоци
- сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- сектор за правни и општи работи